Финансирано од Европска Унија

ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ

МЗМП

ФРОНТ 21|42

# ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ЗЕЛЕНАТА АГЕНДА ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН

Општата цел на проектот е да се зајакне владеењето на правото во животната средина, особено во борбата против еколошките злосторства и други сериозни прекршоци преку ефективно административно и кривично спроведување во согласност со стандардите на ЕУ и Зелената агенда за Западен Балкан.

## Специфични цели:

1. Да се подобри спроведувањето на законодавството за животна средина преку редовни проценки на влијанието на законодавството.
2. Да се подобрат капацитетите за спроведување на законот за животна средина на Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство, судството и Државниот инспекторат за животна средина.
3. Да се зајакне соработката меѓу граѓанските организации, академијата, медиумите, државните институции и приватниот сектор за да се влијае врз јавните политики и донесувањето одлуки за животната средина.
4. Да се зајакнат капацитетите на локалните и основните граѓански организации со цел следење на заштитата на животната средина и реагирање до надлежните институции.



## Крајни корисници:

Граѓаните, граѓански организации од областа на животната средина, општини на заштитени подрачја, Министерство за животна средина и просторно планирање, Државен инспекторат за животна средина, Академија за судии и јавни обвинители, Здружение на судии, Здружение на јавни обвинители, Македонска академија на науките и уметностите, обвинители, судии и вработени во МВР, пратеници во Собранието, медиуми (новинари).

Главен апликант:
Центар за правни истражувања и анализи (ЦПИА)

Ко-апликанти:
Македонско здружение на млади правници (МЗМП) и Фронт 21/42



## Клучните факти и бројки релевантни за проектот:

Времетраење на проектот:
36 месеци

Датум на започнување на проектот:
1 јануари 2024 година

Датум на завршување на проектот:
1 јануари 2027 година

Вкупен буџет на проектот:
349.941 ЕУР

Придонес на ЕУ:
314.947 ЕУР

Процент на придонес на ЕУ:
90%

За повеќе информации:
www.cpia.mk

Никола Јовановски,
Проектен менаџер

nikola.jovanovski@cpia.mk
+ 389 78 383 838



## 1

Активност 1.1

Спроведување пост-законодавна контрола на Законот за животна средина со фокус на директивите за ОВЖС (оцена на влијанието врз животната средина) и СОЖС (стратегиска оцена на животната средина);

Активност 1.2

Проценка на институционалната рамка за спроведување на законодавството за животна средина;

Активност 1.3

Следење на кривичните постапки за кривични дела против животната средина.

## 2

Активност 2.1

Обезбедување структуриран дијалог меѓу граѓанските организации, државните институции, медиумите и приватниот сектор преку спроведување сесии на воспоставената Платформа за еколошка правда;

Активност 2.2

Изработка на 6 документи (препораки) од Платформата за еколошка правда за подобрување на законодавството, политиката и практиките за заштита на животната средина и климатските промени;

Активност 2.3

Активности за комуникација, лобирање и застапување за подобрување на законодавството, политиките и практиките.

## 3

Активност 3.1

Изработка на Извештај за проценка на потребите од обука и акционен план за обука за судството, јавното обвинителство, МВР, МЖСПП и ДИЖС;

Активност 3.2

Изработка на наставни програми за обука;

Активност 3.3

Спроведување на сеопфатна програма за обука за градење на капацитетите на судиите, јавните обвинители и инспекторите.

## 4

Активност 4.1

Изготвување насоки за апликантите на Повикот за финансиска поддршка на трети страни и избор на суб-грантисти и граѓански организации;

Активност 4.2

Организирање на настан за суб-грантисти;

Активност 4.3

Менторство, следење и евалуација на третите лица кои ја добиваат финансиската поддршка;

Активност 4.4

Следење и придонес кон имплементацијата на препораките на УНЕСКО за СЗ Охридскиот регион и препораките од Бернската конвенција за локалитети кандидати за смарагд на Охридското Езеро и Националниот парк Галичица.